Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Бр.-Nr. УП1 14-3309
25 -02- 2020 20 год.-viti
Скопје - Shkup

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР
СКОПЈЕ

| Примено: | 25 -02- 2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 122/1 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11) и врз основа на член 211 ставови 1 и 3 од Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/2013, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), Министерот за образование и наука го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Дизајн и технологии на мебел и ентериер на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Дизајн и технологии на мебел и ентериер на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје се обрати со барање бр. 21-222/4 од 04.11.2019 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-3309 од 11.11.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Дизајн и технологии на мебел и ентериер на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација 1409-204/2 од 24.07.2019 година издадено од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-3309 од 20.11.2019 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за

почеток со работа на студиската програма од трет циклус студија наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 25.11.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-3309 од 26.11.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Дизајн и технологии на мебел и ентериер на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР / MINISTËR

Dr. Arbër Ademi

ДОСТАВЕНО И ДО:

- Архива

Подготвил: м-р Викторија Димовска
Контролирал: Снежана Лузевска
Одобрил: Agim Ramadani